Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/02) член 22-а од Законот за спорт (Сл. Весник на РМ“ бр.29/02...106/16) и чл.21 од Статутот на Општина Лозово (Сл. Гласник бр.05/02,29/14 и 72/17) Советот на Општина Лозово на седницата одржана на ден 11.12.2023 год. донесе:

***ПРОГРАМА***
***ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЛОЗОВО ЗА 2024 ГОДИНА***

**I ВОВЕД**

1. Извори на финансирање на Програмата за финансирање на јавното осветлување на подрачјето на Општина Лозово се финансира од средствата кои ЕВН ги наплатува од корисниците во вид на такса за улично осветлување и истите се префрлаат на сметка на Буџетот на Општина Лозово за 2024 година.
Овие средства се користат за покривање на трошоците за потрошена електрична енергија за улично осветлување исклучиво за сервисните и стамбените улици кои се во надлежност на Општината.

**2. Планирани активности за 2024 година**

Планирани се следните активности:
А. Замена на улични светилки;
Б. Замена на дотраени метални и дрвени столбови;
В. Мерење на заземјување на метални столбови (и санација на евентуално неисправни);
Г. Растеретување на линии (оптеретени од должината и број на потрошувачи);
Д. Поставување на комплетна улична арматура;
Ѓ. Поставување на мрежа за улично осветлување (петта) жица во населени места (каде недостасува);
Е. Отстранување на дефекти во трафостаниците.

Ж. Реализација на ,,Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) . со кој се предвидува промена на 440 улични арматури со нови ефикасни ЛЕД светилки во 8 населени места. Средствата се обезбедени од Светска банка преку Министерство за финансии од кои 20 % се грант а останатите се заем од Светска банка кој Општина Лозово треба да го исплаќа во наредните 4 години

**3. Обем, динамика и начин на извршување на работите**

На територија на Општина Лозово, утврден е вкупниот број на сујалични места во населени места и тоа:
**Лозово** 319 претплатника со поставени 160 сијалични места
**Дорфулија** 217 претплатника со поставени 130 сијалични места
**Каратманово** 154 претплатника со поставени 68 сијалични места
**Милино** 89 претплатника со поставени 47 сијалични места
**Сарамзалино** 35 претплатника со поставени 22 сијалични места
**Аџиматово** 28 претплатника со поставени 20 сијалични места
**Ќоселери** 48 претплатника со поставени 27 сијалични места
**Ѓуземелни** 28 претплатника со поставени 10 сијалични места

**Вкупно: 918 претплатника поставени 484 сијалични места**

Општина Лозово ќе настојува 2023 год. замената на уличните светилки да се врши со штедливи LED светилки. Одржувањето ќе биде тековно, на барање на граѓаните и редовната контрола и промена на уличните светилки од лице ангажирано од страна на Општина Лозово по договор на дело.

**4. Финансиски средства**

Финансиските средства потребни за реализација на оваа Програма ќе се обезбедат согласно со Законот за комунална такса за одржување на улично осветлување. Вкупно по основ на комунална такса се планирани 1.680.000 денари од кои:
-1.130 000. денари за плаќање на електрична енергија,
- 450.000 денари договорни услуги за ангажирање на економски оператор по основ на склучен договор врз основа на претходно спроведена постапка за јавна набавка
-100.000 денари за набавка на материјали за новогодишно украсување.

**5. Образложение**Планираните активности за тековно одржување на улично осветлување се превземаат од следните причини:

А. Заради дотраеност и физички оштетувања;
Б. Заради чести споеви при појава на ветар, невреме и обраснатост со дрва;
В. Заради придржување кон ЕУ стандардите;
Г. Заради оптеретеност на должина на линии, пад на напон;
Д. Заради безбедност на граѓаните и законска процедура.

Треба да напоменеме дека е во тек постапка за јавна набавка Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) . со кој се предвидува промена на 440 улични арматури со нови енергетско ефикасни ЛЕД светилки во 8 населени места. Средствата се обезбедени од Светска банка преку Министерство за финансии од кои 20 % се грант а останатите се заем од Светска банка кој Општина Лозово. Ако успешно биде спроведена јавната набавка оваа програма ќе претрпи значителни измени и дополнувања.

***Дата: 11.12.2023год*** ***Општина Лозово***

***Изготвил: Љупчо Димитров*** ***Претседател***

________________________ ________________________

***Владе Миланов***